ООУ „ЃОРЃИ СУГАРЕВ“ БИТОЛА

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

# 2021-2023 г.

**Изработка и носители на изработката на документот :**

**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО (2021-2023)**

**Датум на изработката : Октомври, 2023год.**

**Образовна институција – носител на изработката :**

**ООУ „ Ѓорѓи Сугарев“ - Битола**

**Одговорно лице: М-р Роберт Филиповски, Директор**

**Учесници во изработката :** Комисија за спроведување на самоевалуација:

Наташа Тодоровска, член
М-р Биљана Темелкова, член
Невенка Иванова-Толеска, член
Валентина Петреска, член
Жаклина Гиновска, член
Валентина Петрова, член
М-р Јасминка Секулова, член
М-р Оливера Шиклеска-Грозданова, член

Одговорни наставници за спроведување на анкетните прашалници за наставници, ропдители и ученици: Ирена Миленковска и Наташа Марковска.

| **ПОДРАЧЈЕ НА ВРЕДНУВАЊЕ** | **ТИМ ЗА ИЗРАБОТКА** |
| --- | --- |
| **1.НАСТАВНИ ПЛАНОВИИ ПРОГРАМИ** | Наташа Тодоровска, одговорна на тимот, наставник одделенска настава<br>Соња Трајковска-Коцева, специјален едукатор и рехабилитатор<br>Весна Зулумовска, наставник по англиски јазик |
| **2. ПОСТИГАЊА НАУЧЕНИЦИТЕ** | М-р Биљана Темелкова, одговорна на тимот, наставник по англиски јазик<br>Љубица Николоска, специјален едукатор и рехабилитатор<br>Горица Фердинанди, наставник одделенска настава |

| | |
|---|---|
| **3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА** | Невенка Иванова-Толевска, одговорна на тимот, наставник одделенска настава<br>Ирена Зафировска, специјален едукатор и рехабилитатор<br>Лилјана Василевска, наставник по математика |
| **4. ПОДДРШКА НАУЧЕНИЦИТЕ** | Валентина Петреска, одговорна на тимот, педагог<br>Д-р Анета Христова, специјален едукатор и рехабилитатор<br>Даниела Лавуровска, наставник по англиски јазик<br>Игор Стојановски, наставник по географија |
| **5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ** | Жаклина Гиновска, одговорна на тимот, наставник по македонски јазик<br>Емилија Беличовска, специјален едукатор и рехабилитатор<br>Виолета Момчиловска, наставник одделенска настава |
| **6. РЕСУРСИ** | Валентина Петрова, одговорна на тимот, наставник по техничко образование<br>Моника Делова, наставник одделенска настава<br>Јасмина Јановска, специјален едукатор и рехабилитатор<br>Деан Илиевски, наставник по физичко образование |
| **7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И ВОДЕЊЕ ПОЛИТИКИ** | М-р Јасминка Секулова, одговорна на тимот, наставник по англиски јазик<br>М-р Анета Ѓоргиевска, логопед<br>Елизабета Димовска, наставник одделенска настава |

# СОДРЖИНА

**Мапа на училиштето** .......................................................................................... 6

**Вовед** .......................................................................................... 8

1. **Подрачја на вреднување,индикатори, техники и инструменти на Самоевалуацијата** .......................................................................................... 8

Табеларен приказ на подрачјата за самоевалуација

Техники и инструменти

2. **Извештај по подрачјата на вреднување**

**Подрачје 1: Наставни планови и програми** .......................................................................................... 12

**Подрачје 2: Постигања на учениците** .......................................................................................... 15

**Подрачје 3: Учење и настава** .......................................................................................... 23

**Подрачје 4: Поддршка на учениците** .......................................................................................... 25

**Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето** .......................................................................................... 28

**Подрачје 6: Ресурси** .......................................................................................... 32

**Подрачје 7: Управување,раководење и креирање политика** .......................................................................................... 34




**Мапа на училиштето**

Општинското основно училиште „Ѓорѓи Сугарев“ е лоцирано во централното градско подрачје на Битола.



# Вовед во самоевалуацијата на училиштето

## Вовед во самоевалуацијата на училиштето

**Самоевалуацијата** на училиштето е процес на систематско и континуирано следење,анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето. Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања :

- **Колку е добро нашето училиште?**
- **Како го знаеме тоа?**
- **Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

## 1. Подрачја на вреднување, индикатори, техники и инструменти насамоевалуацијата

За да се следи квалитетот во севкупната работа на училиштето потребно е да се согледаат **условите** во кои училиштето работи, **процесите** кои се одвиваат во него како и **резултатите** и **постигнувањата** на училиштето.

Врз основа на овие три категории се дефинирани и утврдени подрачјата на вреднување ииндикатори за квалитет **( табеларен приказ)**.

| Подрачја на вреднување | Индикатори за квалитет |
|---|---|
| • **Наставни планови и програми** | • **Реализација на наставните планови и програми**<br>• **Квалитет на наставните планови и програми**<br>• **Воннаставни активности** |
| • **Постигања на учениците** | • **Постигања на учениците**<br>• **Задржување/осипување на учениците**<br>• **Повторување на учениците** |

| | |
|---|---|
| • **Учење и настава** | • **Планирање на наставниците**<br>• **Наставен процес**<br>• **Искуства на ученицит од учењето**<br>• **Задоволувања на потребите на учениците од наставата**<br>• **Оценување како дел од наставата**<br>• **Известување за напредокот на учениците** |
| • **Поддршка на учениците** | • **Севкупна грижа за учениците**<br>• **Здравје**<br>• **Советодавна помош**<br>• **Следење на напредокот** |
| • **Училишна клима и односи во училиштето** | • **Училишна клима и односи во училиштето**<br>• **Промовирање на постигањата**<br>• **Еднаквост и правичност**<br>• **Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница** |
| • **Ресурси** | • **Сместување и просторни капацитети**<br>• **Наставни средства и материјали**<br>• **Обезбедување на потребниот наставен кадар**<br>• **Следење на развојните потреби на наставниот кадар**<br>• **Финансиско работење во училиштето** |
| • **Управување, раководење икреирање политика** | • **Управување и раководење со училиштето**<br>• **Цели и креирање на училишната политика**<br>• **Развојно планирање** |

**Техники и инструменти кои се користени восамоевалуацијата ( табела )**

| ТЕХНИКИ | ИНСТРУМЕНТИ |
|---|---|
| НАБЉУДУВАЊЕ | СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБАТА |
| АНКЕТИРАЊЕ | АНКЕТИ<br>ПРАШАЛНИЦИ |
| ИНТЕРВЈУ | РАЗГОВОРИ (ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ) |
| СКАЛИРАЊЕ | СКАЛИ,ГРАФИЧКИ<br>( ДЕСКРИПТИВНИ И НУМЕРИЧКИ) |
| АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ, дневник за работа,извештаи,записници и сл. | ЧЕК ЛИСТИ |

# Извештај од самоевалуацијата на училиштето и препоракиза Планот за развој на училиштето

Од извршената самоевалуација по подрачја, ги посочуваме констатираните силни и слаби страни на училиштето, како и дадените препораки кои понатаму треба да станат дел од Годишната програма за работа на училиштето и следниот План за развој на училиштето.

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
| --- | --- |
| Наставниците ги запознаваат учениците и родителите со наставните планови, темите и содржините од наставните програми донесени од БРО. Се почитува процедурата за информирање на учениците на првите часови, а родителите на првите родителски средби.<br><br>Стручните активи соработуваат при планирање и реализација на наставните програми и следење на новините поврзани со новата концепција за образование.<br><br>Наставниците во работата применуваат различни стратегии, форми и методи на работа кои ги прилагодуваат на потребите и можностите на сите ученици.<br><br>Постои соработка помеѓу наставниците, стручната служба и училишниот инклузивен тим (УИТ) при детектирање на учениците со потешкотии во учењето при што истите понатаму се упатуваат до стручното тело за функционална проценка, во согласност со Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ).<br><br>Наставниците следат обуки, семинари, вебинари и работилници организирани од МНО, БРО, но и самостојно за работа со ученици од ранливи категории за нивна целосна вклученост во воспитно образовниот процес. | Слабиот интерес и се поголемо отсуство на родителите на родителски состаноци за запознавање со воспитно - образовната работа на училиштето и успехот на учениците.<br><br>Стручните активи од одделенска настава се соочуваат со недостиг на нагледни средства во своите училници за да реализираат настава според новата концепција. (примена на содржини кои се реализираат со помош на дигитални алатки)<br><br>Наставниците имаат потреба од поголема информираност и поддршка од УИТ за работа со ученици со потешкотии во учењето во реализација на наставните содржини за навремено изготвување на ИОП.<br><br>Иако наставниците професионално се надградуваат за да ги зајакнат своите компетенции за работа со ученици од ранливи категории, слаба е поддршката во работата од родителите.<br><br>Слаб интерес кај родителите за вклученост во воннаставните активности кои ги организира училиштето како и во севкупниот воспитно - образовен процес.<br><br>Потребно е да се овозможи навремена и поголема информираност на учениците и родителите за изборните предмети кои се организираат во училиштето. |

| | |
|---|---|
| Училиштето согласно новата концепција нуди избор на наставни предмети кои се прилагодени на можностите, интересите и потребите на учениците во одделенска и предметна настава.<br><br>Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците.<br><br>Учениците се поттикнуваат за учество во воннаставни активности без разлика на нивната етничка и полова припадност. | Фонд на часови, нефлексибилниот распоред на часови и просторните услови не дава можност за поголема вклученост на учениците од предметна настава за поголема вклученост во воннаставни активности. |

**Анализа на резултатите:**

**1.1 Организација на наставните планови и програми**

- Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН.
- Анализите покажуваат дека наставниците ги прилагодуваат содржините согласно потребите и интересите на учениците, но стандардите и целите за оценување предвивени со наставните програми мора да се реализираат.Темпото на реализација го прилагодуваат според структурата на ученици во одделението.
-Учениците се запознаваат со наставните теми и содржини на часовите по соодветни наставни предмети и одделенските часови, а родителите на родителските состаноци. Тие делумно имаат можност да влијаат на начинот на реализација со изнесување на проблемите на кои наидуваат во работата на индивидуални, групни и заеднички родителски средби.
-Потребна е поголема меѓусебна соработката и поддршката меѓу наставниците и да се организираат повеќе обуки, дисеминации, работилници за унапредување на професионалниот развој.
-Инклузивниот училишен тим треба да соработува со сите наставници и да дава поддршка за откривање на ученици кои имаат потреба од дополнителна помош и за кои треба да се изработи ИОП. Сите наставници кои имаат потреба, особено помладите колеги можат да добијат поддршка(обука, работилница) за изработка на ИОП од страна на УИТ.

Учениците во четврто и петто одделение по пат на анкета имаат можност да избираат два предмети од четири различни категории. Еден предмет изучуваат во прво полугодие, а еден во второ полугодие.
Изборните премети за предметна настава преку анкета ги избираат учениците, потоа задолжително ги изучуваат во текот на учебната година.
Постои интерес за изучување на изборни предмети поврзани со спорт, но лошата надворешна инфраструктура и ограниченот простор не дава можност да се реализираат такви слободни изборни предмети.

**1.2 Квалитет на наставните планови и програми:**

-Училиштето е вклучено во повеќе проекти поврзани со развивање и јакнење на еколошката свест, развивање на мултикултурализам, почитување на разликите на другите, примена на ИКТ алатки во наставата. Сите наставници во своите наставни програми ги следат насоките од МОН и БРО и истите се реализираат согласно потребите и можностите на учениците.
Посебно вниманите се обрнува на родова и етничка застапеност во сите наставни и вонннаставни активности на учениците за развивање на родова сензитивност и мултикултурни компетенции кај учениците.

**1.3 Воннаставни активности**

Од анализите можеме да заклучиме дека во училиштето е неопходно да се организираат екурзии, излети, набљудувања, посети на институции, повеќе спортски активности ,бидејќи потребите и желбите на учениците укажуваат на тоа. Наставниците треба да планираат содржини кои можат да се реализираат и надвор од училиштето со добиена согласност од родителите.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може дабидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- ❖ Подобрување на условите во училиштето со :
  - ✓ опремување на сите училници и кабинети со современи наставни средства и помагала,
  - ✓ аулата да се уреди за реализација на наставни и воннаставни активности од различен карактер
  - ✓ спортската сала да се опреми со разновидни спортски реквизити
  - ✓ училишниот двор да се адаптира за изведување настава поврзана со ЕКО активности и други содржини
- ❖ Спроведување анкети за утврдување на мислењето на учениците, родителите и наставни-ците за севкупните состојби и активности во училиштето како ориентир во која насока треба да се движат наредните активности и создавање училиште отворена за сите позитивни идеи на учениците, родителите и наставниците.
- ❖ Спроведување активности во соработка со родители, други училишта Општина, НВО, институции од локална заедница за да се обезбеди квалитетна поддршка на воспито- образовниот процес во училиштето.

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

- **Постигања на учениците**
- **Задржување/осипување научениците**
- **Повторување научениците**

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Планирање и преземање конкретни активности за постојано подобрување на постигањата на учениците<br>• Разработен акционен план во усовршување на развојната програма на училиштето.<br>• Училиштето соработува и е отворено за сите заинтересирани: родители, членови на Локална самоуправа, медиуми, НВО).<br>• Постоењето на процедура за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби<br>• Училиштето ја практикува инклузијата на децата со посебни образовни потреби во секојдневните свои активности и со нив работат одделенските и предметните наставници во соработка со стручната служба.<br>• Исто така одлична е соработката со стручните лица од Центарот за поддршка на учењето од нашето училиште и со образовните асистенти вклучени во инклузивното образование, што дава подобри постигнувања кај учениците со попреченост. Училиштето презема различни активности за запишување на сите деца од реонот<br>• Во училиштето се следии анализира редовноста на учениците<br>• Намалување бројот на ученици со слаби оценки | • Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус од основно во средно образование<br>• Висок процент на осипување на ученици од година во година. Постојат ученици кои “повремено” ја посетуваат редовната настава и истите претставуваат проблем при оценувањето.<br>• Неповолната социјална состојба на ромите.<br>• Традиционален менталитет на одбивност на Ромите кон образованието.<br>• Користење на децата за “лесна” и несоодветна заработувачка за нивна возраст од страна на нивни роднини и познаници.<br>• Препуштеност на самите себе, недоволна згриженост од страна на семејството.<br>• Недостаток на разработени критериуми за оценување на ученици со посебни потреби, а вклучени во редовна настава.<br>• Недоволна обука на наставниците за таков вид работа со такви деца во редовната настава.<br>• Недостаток на национални критериуми за оценување за споредување и |

| | |
|---|---|
| • Организира дополнителна и додатна настава во текот на целата учебна година<br>• Организира хепенинзи од музички и продажен карактер.<br>• Постигнува одлични резултати на натпревари<br>• Училиштето презема низа чекори во намалување на осипаноста на учениците преку организирање на групни и индивидуални средби со родителите, посетување на нивните домови.<br>• Организира хуманитарни акции-помага во снабдување со облека, храна и учебници.<br>• Училиштето испраќа волонтери во соработка со невладини организации за зголемување на свеста кај ромската популација, посебно родителите за важноста на образовниот процес.<br>• Учениците подготвуваат ликовни изложби со цел да се презентираат нивните креативности и талент, а учествуваат и на многу литературни конкурси и читања со свои лични творби.<br>• Тимска работа на сите наставници во проекти и исклучително тимска работа на учениците во изработка на проекти, како дел од наставниот процес.<br>• Своите постигнувања учениците ги презентираат и во просториите (училниците, аулата) во училиштето, како свои трудови, преку мјузикли, манифестации, драматизации, натпревари, саеми (без разлика на етничката припадност, пол). | адаптирање на постоечките.<br>• Бавен развој на образовниот процес и постигањата на учениците поради слабото инвестирање во образованието.<br>• Постигнувањата на учениците се регистрираат само писмено или се наградуваат со награди кои не претставуваат никаква понатамошна мотивација за работа.<br>• Учениците од ромска популација нередовно посетуваат настава и не го завршуваат основното образование;<br>• Зголемен број на изостаноци.<br>• Родителите нередовно ги користат средствата за информирање во училиштето.<br>• Намален број на родителски средби – родителите не доаѓаат на родителските средби. |

**Анализа на резултатите**

Учениците од прво до трето одделение се оценуваат описно,но со измените за оценување, согласно новиот Закон за основно образование (22 април 2019 год) учениците од IV,V,VI одд. освен во прво и трето тримесечие,описно се оценуваат и на полугодие. Поради таа причина,не може да се направи споредба за овие одделенија со претходната година.

Од VII до IX одделение, средниот успех за 2021-2022 год изнесува 2,85 .

Училиштето ги идентификува учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок. Поголем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, но не секогаш избираат активности и изготвуваат задачи соодветни на нивните интереси и можности.

Од анализата на анкетните листови за наставници, родители и ученици, реонизацијата на училиштето за учебната 2021/2022 и учебната 2022/2023 год., списокот на запишани ученици во учебната 2021/2022 и учебната 2022/2023 год. бројот на реализирани советувања во учебната 2021/2022 и учебната 2022/2023 год. како и записниците од извршен испекциски надзор од страна на ДПИ се констатира следното:

Во учебната 2021/2022 по список на реонизација ученици кои припаѓаат на реонот на опфат на нашето училиште биле 170, а се запишале 69 ученици.

Во учебната 2022/2023 по список на реонизација ученици кои припаѓаат на реонот на опфат на нашето училиште биле 153, а се запишале 56 ученици.

Во учебната 2021/2022 година се реализирани 226 советувања Во учебната 2022/2023 година се реализирани 273 советувања.

Исто така од анализата на анкетните прашалници 72.2 проценти од анкетираните родители сметаат дека училиштето презема конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците, додека 22,2 проценти делумно се согласуваат , а 5.6 проценти не се согласуваат.

На прашањето: Дали училиштето превзема различни активности за запишување на сите деца од реонот на опфат како и на деца со посебни образовни потреби? Од вкупниот број на испитаници 77, 1 проценти од родителите се изјасниле дека се согласуваат, 16,7 проценти сметаат дека училиштето делумно презема такви активности и 6,2 проценти не се согласуваат.

Од анализата на записниците од страна на ДПИ се констатира дека училиштето редовно го информира ДПИ за бројот на незапишани и осипани ученици.

Осипувањето на учениците од македонска и другите националности претставува сериозен проблем во нашето училиште. Поради тоа училиштето презема низа активности за да може да се отстрани овој проблем и да се задржи мултиетничноста на училиштето.

Искуствата од семинарите наставниците ги применуваат во рамките на целиот наставен процес и вон наставни активности.

Училиштето овозможува подеднаков пристап за сите ученици кон сите расположливи наставни средства и материјали. На одделенските часови интензивно се работи на анулирање на социјални и етнички разлики во паралелките и воопшто.

Во случај да има повторување на учениците, училиштето ги почитува сите законски одредби од законот за основно образование. По добивање на свидетелство на крајот на учебната година родителот има право на жалба по одлука на одделенскиот совет.

Повторувањето на одредени групи ученици се должи на нередовно посетување на настава. Овие ученици се од ромска популација и причините се од социјален аспект:

- традиционален менталитет на одбивност на ромите кон образованието и неможност да се има увид во целокупната ромска популација;
- незаинтересираност на родителите за образованието на своите деца;
- злоупотреба на децата за “лесна” и несоодветна заработувачка за нивната возраст;
- препуштеност на самите себе, недоволна загриженост од страна на родителите.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго и за истото води педагошка евиденција и документација согласно законските прописи.

50 % од анкетираните наставници се согласуваат дека во училиштето се надминува појавата на повторување на годината од страна на учениците преку заедничка соработка со наставниот кадар, додека пак 37, 5 % делумно се согласуваат.

Со редовно организирана дополнителна настава сметаме дека се постигнува посакуваниот успех и спречување на ученицитеда ја повторат годината. Така на пример и учениците се задоволни од начинот на организирање и спроведување на истата. Тоа го докажуваат нивните искази од анкетата на прашањето Училиштето во текот на целата година по сите наставни предмети организира дополнителна и додатна настава, 75 % од учениците во целост или делумно се согласуваат дека во текот на учебната година се реализира дополнителна настава по сите предмети што претставува задоволителен процент, додека незначителен бројна ученици или 3,1 % не се

согласуваат дека по сите наставни предмети се организира дополнителна настава.

При анкетирање на наставниците добивме одговор од 48 респоденти. На секое прашање се понудени следните одговори: се согласувам, делумно се согласувам, не се согласувам. Анализата на резултатите го покажува следното:

1. Училиштето има инструмент со кој ги следи постигањата на учениците по наставни предмети и класификациони периоди :

**58 ,3% се согласувам,**

**35, 4 % делумно се согласувам 6.3% не се согласувам.**

2. Училиштето планира и презема конкретни активности за постојано подобрување на постигањата:

**64.6% се согласувам**

**31.3% делумно се согласувам**.

3. Училиштето во текот на целата година по сите наставни предмети организира дополнителна и додатана настава :

**75 % се согласувам**

**22, 9% делумно се согласувам.**

4. Училиштето превзема различни активности за запишување на сите деца од реонот ( Роми, деца со посебни образовни потреби) :

**77, 1 % се согласувам**

**16, 7 % делумно се согласувам.**

5. Училиштето ја следи редовноста на учениците и преку соработка со родителите и институциите превзема активности за намалувања на отсуствата:

**79, 2 се согласувам**

**14, 6 % делумно се согласувам**.

6. Училиштето превзема активности за намалување на бројот на ученици кои го напуштаат :

**68, 8 % се согласувам**

**22, 9 % делумно се согласувам.**

7. Во училиштето се надминува појавата на повторување на годината од страна на учениците преку заедничка соработка со наставниот кадар :

**50 % се согласувам**

**37, 5 % делумно се согласувам.**

**12,5 % не се согласувам**

**Од анкетата наменета за родители ги добивме следните резултати:**

1. Училиштето има инструмент со кој ги следи постигањата на учениците по наставни предмети и класификациони периоди

**55,6 % се согласувам**

**38,9 % делумно се согласувам**

**5,6 % не се согласувам**

2. Училиштето планира и презема конкретни активности за постојано подобрување на

постигањата :

**72,2% се согласувам**

**22,2 % делумно се согласувам**

**5,6 % не се согласувам**

3. Училиштето во текот на целата година по сите наставни предмети организира дополнителна и додатна настава

**66,7 % се согласувам**

**16,7 % делумно се согласувам**

**16,7 % не се согласувам**

**Од анкетата наменета за учениците ги добивме следните резултати:**

1. Училиштето планира и презема конкретни активности за постојаното подобрување на постигањата :

**87.5 % се согласувам**

**9,4 % делумно се согласувам**

2. Поголемиот број на наставници од училиштето им даваат поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот ,избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби:

**75 % се согласувам**

**21,9 % делумно се согласувам**

3. Училиштето во текот на целата година по сите наставни предмети организира дополнителна и додатна настава:

**75 % се согласувам**

**21,9% делумно се согласувам**

| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето** |
| --- |
| **Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>Поголема ангажираност при планирање на диференциран пристап на работа, обука на наставен кадар за работа со диференциран пристап.<br>Обука и посветеност на наставниот кадар за детектирање и препознавање на ученици со потешкотии во учењето<br>Поголема ангажираност и соработка на училишниот инклузивен тим и инклузивните тимови за ученик<br>Изнаоѓање на алтернативи и изработување на акционен план за намалување на осипаноста на учениците од македонска и другите националности<br>Детектирање на причините за зголемување на бројот на изостаноците на ниво на училиште.<br>Унапредување и интензивирање на формите на соработка со родителите.<br>Понатамошна соработка со локалната самоуправа во понатамошни постигнувања на позитивни резултати.<br>Интензивирање на соработката со медиумите.<br>Изнаоѓање на решение за соодветен простор за изведување настава со учениците од посебните потреби - обезбедување на најмалку 2 инклузивни училници со помагала за учениците кои се вклучени во редовна настава.<br>Почитување на сите етнички култури во училиштето, преку организирање на културни манифестации, изложби и спортски натпревари.<br>Усовршување и професионален развој на наставниците.<br>Обезбедување на современи напредни нагледни средства односно смарт табли или смарт панели, видео проектори, компјутери, печатачи во секоја училница како што налага новата концепција за основно образование со цел постигање на националните стандарди пропишани од МОН. |

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
| --- | --- |
| • Навремено планирање на наставата инаставниот процес<br>• Согледување на потребите на учениците при планирањето на учењето<br>• Меѓуетничка и родова интеграција<br>• Навремено информирање за успехот ипостигањата на учениците<br>• Инклузија на сите ученици<br>• Задоволување на индивидуалните потреби на учениците при процесот на изведување настава и при оценувањето на постигањата<br>• Употреба на современи техники, методи и активности при изведувањето на наставата<br>• Позитивна училишна атмосфера и чувство наприпадност<br>• Примена на национално утврдени критериумиза оценување | • Недостаток на нагледни и дидактички средства при изведувањето на наставата<br>• Потреба од доусовршување на информатичко – техничките способности на дел од наставниците<br>• Доусовршување на наставниот кадар за изведување на инклузивна настава<br>• Недоволната заинтересираност на родителите за редовно, исполнително иквалитетно учење и посетување на настава на нивните деца<br>• Недоволно следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус од основно во средно образование |

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО УЧЕЊЕ И НАСТАВА

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Навремено планирање на наставата и наставниот процес<br>• Согледување на потребите на учениците при планирањето на учењето<br>• Меѓуетничка и родова интеграција<br>• Навремено информирање за успехот и постигањата на учениците<br>• Инклузија на сите ученици<br>• Задоволување на индивидуалните потреби на учениците при процесот на изведување настава и при оценувањето на постигањата<br>• Употреба на современи техники, методи и активности при изведувањето на наставата<br>• Позитивна училишна атмосфера и чувство на припадност<br>• Примена на национално утврдени критериуми за оценување | • Недостаток на нагледни и средства при изведувањето на наставата ·<br>• Потреба од доусовршување на информатичко – техничките способности на дел од наставниците<br>• Непостоење на инклузивни училници во однос на уредување на просторот во редовната настава<br>• Непостоење на асистивна технологија за учениците со попреченост во редовната настава<br>• Во дел од училниците недостигаат основните помагала за одржување настава по Новата концепција (бела табла и видео бим)<br>• Доусовршување на наставниот кадар за изведување на инклузивна настава<br>• Недоволната заинтересираност на родителите за редовно, исполнително и квалитетно учење и посетување на настава на нивните деца (доказ за ова тврдење е енормно големиот број на изостаноци, како и бројот на добиените одговори на анкетата) |

| **Анализа на резултатите:** |
| --- |
| **Анализа на резултатите**<br>Наставата се изведува според Годишната програма на училиштето, годишните планирања и распределенија.<br>Настава се изведува во две смени од понеделник до петок од 7:30 до 18:30.<br>Наставниците се со соодветно стручно образование.<br>На наставниците приправници училиштето им обезбедува ментори за доусовршување и адаптирање во училишната средина.<br>Наставата се изведува на македонски јазик.<br>Квалитетна доброорганизирана настава е приоритет во нашето училиште со цел поттикнување за понатамошно доусовршување на нашите ученици во средното и високото образование. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може дабидат вклучени во планот за развој на училиштето** |
| ➢ Поголем опфат на децата од македонската и другите националности<br>➢ Доосовременување на училниците и кабинетите со потребните нагледни и дидактички средства<br>➢ Опремување на сите училници со потребни технички материјали според Новата концепција<br>➢ Обезбедување на просторни услови за одржување настава во инклузивните училници<br>➢ Обезбедување асиствна технологија за учениците со попреченост во редовната настава<br>➢ Уредување на спортското игралиште со цел изведување на непречена настава по ФЗО<br>➢ Уредување на училишниот двор со тревни површини, изградба на училница во природа и дел за детски спортски и игровни активности за помалите ученици |

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| За грижата, благосостојбата и заштитата на учениците се грижат сите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес. За заштитата и безбедноста на учениците се грижи и управата, стручната служба, техничкиот персонал, дежурните наставници и учениците преку одржување хигиена, дезинфекција и дератизација на училиштето, ковид протоколи, навремена поправка и санација на сите проблеми во објектот, санитарни чворови и др.<br><br>Формите и активностите кои се користат за обезбедување на грижата, благосостојбата и заштитата на машките и женските деца, вклучувајки ги и учениците со посебни образовни потреби, се ефективни, иако секогаш има простор за напредување во оваа област;<br><br>Во училиштето постои тим одговорен за превенција од насилство со соодветна програма за работа;<br><br>Постои добра соработка со државни институции (ЈЗУ Клиничка болница Битола, МВР, ЈУ Центар за социјални работи-Битола, средни училишта и др.) и НВО.<br><br>Се организираат хуманитарни акции за помош на социјално загрозени ученици и ученици на кои им е потребна помош за лекување; | Во околината на училиштето недостасува вертикална и хоризонтална собраќајна сигнализација за заштита на учениците во сообраќајот. Училиштето повеќе пати има побарано поставување на вакви знаци меѓутоа барањата сеуште не се прифатени.<br><br>Недоволна обученост на наставниот кадар за давање прва помош на ученици при несреќни случаи;<br><br>При метеоролошки промени се шири непријатна миризба од училишните тоалети, па заради тоа потребно е да се изврши интервенција на мрежата за одвод.<br><br>Вработените во училиштето не се обучени за ракување со противпожарен апарат<br><br>Во училиштето треба да се набават повеќе кутии за прва помош. |

| | |
|---|---|
| Училиштето ги идентификува и следи учениците со физички и ментални здравствени проблеми и учениците со посебни образовни потреби;<br><br>Во однос на учениците кои имаат здравствени проблеми се превземаат мерки во согласност со можностите на училиштето;<br><br>Училиштето им помага на машките и женските ученици во изборот на нивното понатамошно образование;<br><br>Училиштето води евиденција за напредокот на учениците, нивната редовност и поведение. Истата по потреба е достапна за наставниците, родителите и учениците.<br><br>Училиштето ги информира учениците и родителите за давање поддршка од страна на стручната служба.<br><br>За заштита од физички повреди и елементарни непогоди, училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи. Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство, и се применуваат механизми за постапување и справување со евентуална појава на различните облици на насилство.<br><br>Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични супстанци. Се организираат предавања од страна на надворешни субјекти на кои присуствуваат учениците од погорните одделенија. | |

| | |
|---|---|
| Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со телеснипречки во развојот и комплексна попреченост. Училиштето соработува со родителите и со другите релевантни институции (на пример, невладини организации) во обезбедувањето грижа за децата со телесни пречки во развојот и има развиени механизми за поттикнување на соучениците во давањето помош и водењето грижа за овие деца.<br><br>Училиштето се грижи за обезбедување основни материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици (на пример, заради недостиг од учебници и работен прибор, донирани лаптопи). Овие процедури се спроведуваат во практиката, до колку се обезбеди надворешна финансиска поддршка (општина Битола или НВО )и најчесто за учениците од социјално најзагрозените семејства.<br><br>Во рамките на нашето училиште веќе постои Центарот за поддршка на учењето за подрачјето на општина Битола, кој ги користи материјалните и човечките ресурси во училиштето и дава соодветна стручна поддршка на учениците со попреченост, на наставниот кадар, стручните соработници, родителите, односно старателите и инклузивниот тим и во другите основни училишта на подрачјето на општина Битола.<br><br>Центарот за поддршка на учењето располага со специјализирано знаење, услуги и опрема за да излезе во пресрет на учениците со високо ниво на потреба за поддршка што ќе им овозможи да се фокусираат на нивните индивидуални потреби (кабинети за | |

| | |
|---|---|
| специјална едукација и рехабилитација-логопедски кабинети, сензорна соба, кабинет за психомоторна реедукација, кабинет за асистивна технологија, кабинет за музико и арт терапија, Монтесори кабинет, кабинет за ученици со аутистичен спектар во однесувањето, кабинет за корективна гимнастика, кабинет за животни вештини), со кои се опфатени учениците со попреченост од сите основни училишта на територијата на Општина Битола. За поддршка на учењето за учениците со попреченост, основното училиште обезбедува: образовен асистент, личен асистент, инклузивен тим и асистивна технологија по препорака на стручното тело за проценка и во согласност со индивидуалниот образовен план или модифицираната програма. | |

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
| Од досегашната анализа може да се каже дека училиштето претставува безбедно и пријатно катче каде што нашите ученици вредно работат и другаруваат, каде што се води севкупна грижа за учениците.<br>На почетокот на учебната година наставниците ги запознаваат учениците и нивните родители со темите и содржините од наставната програма. При реализација на програмите добро се соработува во сите стручни активи. Училиштето ги запознава и родителите со правата и обврските на учениците. Училиштето превзема различни активности за запишување на сите деца од реонот ( Роми, деца со посебни образовни потреби). Училиштето превзема активности за намалување на бројот на ученици кои го напуштаат образованието. Наставници изработуваат ИОП за ученици со посебни образовни потреби во согласност со родител и инклузивен тим. Со учениците со посебни образовни потреби се работи според прилагодени наставни програми.Во рамките на нашето училиште веќе постои Центарот за поддршка на учењето за подрачјето на општина Битола, кој ги користи материјалните и човечките ресурси во училиштето и дава соодветна стручна поддршка на учениците со попреченост За поддршка на учењето за учениците со попреченост, училиштето обезбедува: образовен асистент, личен асистент, инклузивен тим и асистивна технологија по претходно дадена препорака. Училиштето ја почитува законската регултива за професионален и кариерен развој на кадарот. При избор на наставни предмети во училиштето се почитуваат потребите и интересите на учениците. Во воннаставните активности може да учествува секој ученик според неговата желба, потреба и можност без оглед на неговата полова, етничка или национална припадност. Училиштето во текот на целата година по сите наставни предмети организира дополнителна и додатана настава. |

Во нашето училиште нема разлики по пол и етничка припадност во однос на успехот,подршката,професионалната ориентација и изборот на идното школување на учениците во средните училишта. Се води редовна евиденција за присутноста,поведението и успехот на учениците. Наставниците секојдневно го следат и го бележат напредокот на учениците. Училиштето овозможува непречено одвивање на онлајн наставата.
Педагошката служба е секогаш отворена за учениците, родителите и наставниците, за решавање на потешкотиите како и за споделување на напредокот и постигнатите резултати. За да им помогнат на учениците во разрешувањето на проблемите и тешкотиите,вработените за секој ученик дискутираат индивидуално на Советот на одделенските наставници и Советот на предметните наставници како и на Наставничките совети. Во училиштето се реализираат наставни содржини и работилници кои опфаќаат теми од справување со конфликтите и насилничкото однесување.
Проблемите се решаваат во соработка со родителите, наставниците и стручната служба на училиштето. Преку наставата и воннаставните активности учениците учат како да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници.
Со цел да се негува и унапредува здравјето на учениците, се организираат презентации, работилници, предавања за здравствено образование, проекти во соработка со институциите од локалната заедница кои се компетентни за оваа област. Редовно се вршат предвидените систематски прегледи и вакцинации на учениците. Хигиената во училниците и санитарните јазли е на потребното ниво. Училишната зграда и двор се безбедни и уредени.
Училиштето ги следи емоционалните, физичките и социјалните потреби на своите ученици, без разлика на полот и етничката припадност како и посебните образовни потреби, настојувајќи овие потреби учениците да ги реализираат во текот на наставата и вон-наставните активности.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може дабидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Обука на училишниот кадар за давање прва помош на ученици при несреќни случаи;
- Развивање механизми за поголема соработка со родителите (Поголемо присуство на советувањата од страна на педагошката служба,навремено доставување медицински белешки, категоризации, мислења од компетентните служби за учениците со посебни образовни потреби и тешкотии во развојот).
- Интервенција на мрежата за одвод за елиминирање на непријатната миризба од училишните тоалети при метеоролошки промени.
- Опремување на кабинетите со потребни наставни помагала
- Континуирана грижа за подобрување на хигиената во училиштето и грижата за здравјето на учениците преку следење и контрола.
- Барање за нови вработувања во технички персонал (хигиеничари);
- Реконструкција на дел од оградата и асфалтирање на спортските терени околу училиштето во соработка со основачот на училиштето
- Обезбедување на соодветна сообраќајна сигнализација

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| Учениците ги сакаат своите права и ги практикуваат притоа почитувајќи ги правата на другите.<br>Сите вработени во училиштето се запознати со правата на децата и знаат како да ги почитуваат во практиката.<br>Училиштето ги запознава и родителите со правата и обврските на децата.<br>Преку наставата и воннаставните активности учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р.С. Македонија.<br>Училиштето има критериуми за оценување на учениците.<br>Училиштето ја анализира и вреднува етничката, културната и верската разноликост во училиштето.<br>Успехот и постигањата на учениците континуирано се следат, споредуваат и анализираат.<br>Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност.<br>Родителите навреме се известуваат за постигањата на учениците.<br>Училиштето се наоѓа на добра локација во градот и условите за работа континуирано се подобруваат во изминатиот период.<br><br>Учениците ги знаат своите права и ги практикуваат притоа почитувајќи ги правата на другите.<br>Наставниците и учениците учествуваат на разни манифестации за промовирање на постигањата н учениците.<br>Наставниците ги почитуваат и постапуваат подеднакво кон сите ученици без разлика на | Подобрување на инфраструктурата на училиштето.<br>Повеќе почитување на кодексот на училиштето од страна на сите субјекти.<br>Поголема промоција на постигнувањата на учениците.<br>Преку наставата и воннаставните активности учениците и родителите да се поттикнуваат да ја почитуваат културата и традицијата на другите етнички заедници.<br>Поголема индивидуална соработка со родителите.<br>Преку различни начини на соработка со родителите да се запознаат со правата на учениците и обврските кои произлегуваат од нив и да се потикнуваат на нивно почитување и исполнување.<br>Осипувањето на учениците го намалува континуитетот на воспитно-образовниот процес.<br>Поинтензивна соработка со локалната заедница со оглед на мултиетничкиот состав на учениците. |

| | |
|---|---|
| нивната родова, етничка и верска припадност Преку наставата и воннаставните активности учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р.С. Македонија.<br>Училиштето има критериуми за оценување на учениците.<br>Училиштето ја анализира и вреднува етничката, културната и верската разноликост во училиштето.<br>Успехот и постигањата на учениците континуирано се следат, споредуваат и анализираат.<br>Училиштето планира активности за да ги поттикне родителите, локалната заедница и невладиниот сектор да се вклучат во унапредување на наставниот процес и подобрување на училишната клима.<br>Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол, етничка и верска припадност.<br>Наставниците/одд. раководители редовно се во контакт со родителите секогаш кога е потребно и редовно ги информираат за постигањата на учениците преку организирање на индивидуални родителски средби и приемни денови.<br>Локалната заедница и медиумите навремено се информираат за активностите кои се превземаат и промените во училиштето со што несебично се вклучуваат во информирање на локалната и пошироката јавност.<br>Директорот и наставниот кадар активно се стремат за создавање на позитивна училишна клима на меѓусебна доверба и почитување на учениците, наставниците, родителите и локалната заедница. | |

| **Анализа на резултатите** |
|---|
| Од истражувањата низ ова подрачје може да се согледа дека во училиштето владее клима на меѓусебна соработка и хармонија меѓу сите субјекти.Во училиштето владее атмосфера на учење и соживот.Учениците се задоволни од нивната вклученост во сите сфери на училишните активности и збиднувања.Тоа ги мотивира да доаѓаат на училиште,да учат, да си помагаат и задоволно да ги поминуваат училишните денови.Сите добро информирани и упатени си даваат меѓусебна поддрршка што овозможува побрзо и поефикасно решавање на проблемите.Тие ги знаат и ги користат своите права секогаш умерени и во интерес на најдоброто за сите.Училиштето им возвраќа за нивните заложби и ги пофалува, наградува и насочува соодветно на нивните успеси и потреби.Соработката со родителите и локалната заедница придонесува за сигурноста и волјата дека учениците се на добро место и на вистинскиот пат. |

| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето** |
|---|
| Секогаш може подобро.Училиштето има планови за севкупен развој и напредување и на инфраструктурно и интелектуално ниво.Ќе продолжи со професионалнит развој на наставниот кадар во кој ќе се надоградува и расте желбата и можноста да се следат сите трендови на мечуетничка интеграција, инклузија, социјална и здравствена заштита (5.1).Ке се работи на идејата учениците повеќе да се стимулираат околу нивните постигнувања со добивање препораки за степендија, учество во попрестижни натпревари, олеснување околу котизацијата,награди како престој во друг град(училиште).(5.2).<br>Соработката со родителите ќе се интензивира со повеќе обуки и поголема вклученост во заеднички проекти кои ќе овозможат подобро запознавање на релацијата ученик-наставник-родител.Локалната заедница ќе биде вклучена со почести покани за учество и гостување и ќе и биде овозможен поблизок увид во тековните потреби на училиштето и учениците и ќе има можност за стимулирање на целокупниот успех. |

**РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО РЕСУРСИ**

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
| --- | --- |
| Училишниот простор, вклучувајќи ја и салата за физичко и здравствено образование ги исполнува условите за изведување на настава според нормативот.<br><br>Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелката.<br><br>Училишната зграда и простор се пристапни за сите.<br><br>Постоење на оспособен кабинет по информатика со доволен број компјутери кои овозможуваат непречено реализирање на наставниот процес.<br><br>Училиштето има 6 кабинети за индивидуални третмани 92 логопетски, 2 дефектолошки, 1 за сензорна интеграција, 1 за психомоторна реедукација)кои ги користат учениците од посебните паралелки и учениците инклудирани во редовна настава.<br><br>Центарот за поддршка располага соодветни нагледни средства, матерјали и специфични помагала за учениците со посебни образовни потреби.<br><br>Стручен и квалитетен наставен кадар во согласност со нормативот за наставен кадар.<br><br>Наставниците имаат поддршка во нивното стручно усовршување за што е изготвена и програма за професионален развој. | Игралиштето не ги исполнува стандардите за одржување на квалитетна настава по фицичко и здравствено образование.<br><br>Застарени нефункционални објекти во канцелариите и ученици (мебел, шкафови, фиокари и др.)<br><br>Просторијата – аулата не можи да се користи заради оштетената кровна конструкција и прокиснува.<br><br>Недоволната снабденост на училиштето со литература и лектирен книжен фонд. |

| | |
|---|---|
| Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и матерјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето.<br><br>Развиената свест кај вработените за навремено и редовно доаѓање на работните места и ангажираноста на истите за целосно исполнување на задолженијата што произлегуваатво процесот на работа и почитување на правилата кои произлегуваат од кодексот на однесување.<br><br>Финансиското работење е транспарентно и во согласност со законската регулатива.<br><br>Учество во голем број проекти. | |

| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може дабидат вклучени во планот за развој на училиштето** |
|---|
| -Аплицирање на проекти за подобрување на работната средина во училиштето, опремување на кабинети, лаборатории, пристапни рампи и сл<br><br>- Доопремување на секоја училница со нагледни средства и помагала, пристап со стабилен и брз интернет.<br><br>- Истражување меѓу родителите и учениците за евентуални недостатоци во фискултурната сала и училишниот двор, како и наоѓање начин тие да се отстранат.<br><br>-Поставување на енергетско- ефикасна фасада и замена на кровна конструкција.<br><br>-Поправка на покривот на аулата, варосување и оспособување на просторијата за одржување на приредби и други активности. |

**РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ**

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Директорот објективно го оценува квалитетот на вработените, го вреднува нивниот придонесво тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето.<br>• УО активно учествува во креирањето политики за еколошка едукација и заштита на животната средина<br>• УО има воспоставено партнерски однос со Директорот на училиштето и другите училишни структури<br>• Директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето.<br>• Директорот иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем , се формира Центар за поддршка на учениците со попреченост на ниво на општина Битола и услугите на кабинетите во рамките на центарот ги користат сите ученици кои во своето МКф имаат прропишано третмани или настава по модифицирана птограма.<br>• Детектира и се фокусира на јасни приоритети воочени во развојниот план/програма преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето. | • Поголема вклученост на У.О. во градењето на училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.<br>• Ревидирање и надоградба на програмата за професионалниот развој на наставниците<br>• Поголемо учество на родителите во креирањето на целите и нивно следење при начинот на реализација<br>• Земање во предвид на мислењата на родителите и учениците при креирањето на политиките.<br>• Проверка на функционалноста на постојните нагледни средства со кои располага училиштето<br>• Обезбедување на повеќе средства за континуирано одржување на постојните наставни средства и помагала. |

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Наградување и признание за наставниците за постигнати резултати во училиштето
- Запознавање на наставниот кадар од областа на раководење и управување
- Поголема вклученост на У.О. во градењето на училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието – ревидирање и надополнување на програмата за работа на УО
- Ревидирање и надоградба на програмата за професионалниот развој на наставниците
- Поголемо учество родителите во креирањето на целите и политиките во училиштето и нивно следење при начинот на реализација, но и запознавање со годишната програма за работа на училиштето
- Обезбедување на финансиски средства за одржување на постоечките и обезбедување на нови нагледни средства преку донации, сопствени средства ( од претприемнички активности) или аплицирање на проекти
- Организирање на обука за членовите на управниот одбор која би помогнала успешно извршување на улогата на управување.